# Проектот за е-Влада го поплочува патот кон модерна Македонија

**Проектот за е-Влада, финансиран од УСАИД, ја подобрува ефикасноста и транспарентноста на државните институции во Република Македонија преку создавање, развивање и имплементирање на модерни решенија за е-Влада, на начин кој ја зголемува демократијата и отвора нови канали за деловно работење на транспарентен и безбеден начин.**

Сите кандидати за работа во државниот сектор ги користат поволностите на транспарентниот електронски систем ***Пријава Online***, кој на кандидатите и на Агенцијата за државни службеници, им штеди пари и оневозможува секаков вид на дискриминација. Задолжителните тестирања на кандидатите се вршат електронски, за да се елиминираат сите ризици за човечки грешки при проверувањето на ресултатите од тестот, а се користат и интерактивни електронски курсеви за учење.

Владата и официјално го поддржа целосното користење на ***Електронскиот систем за јавни набавки*** кој ќе ги зголеми деловните можностите за фирмите, ќе им заштеди пари на даночните обврзници и значително ќе го намали просторот за корупција во јавните набавки.

Сите даночни обврзници од деловниот сектор, без разлика на нивната големина, можат да ги поднесуваат даночните пријави преку апликацијата ***е-Даноци.*** Системот ја подобрува комуникацијата помеѓу компаниите и даночните органи, го подобрува квалитетот на поднесените податоци и создава значителни заштеди на време.

Транспортните компании го имаат на располагање лесниот за употреба електронски систем за аплицирање за ***Меѓународни дозволи за транспорт на стоки*** преку кој дозволите се распределуваат на целосно транспарентен и праведен начин. Системот овозможува и ефикасно и навремена контрола на искористеноста на издадените дозволи.

***Националниот буџет*** навремено се доставува до Собранието откако ќе се подготви преку електронскиот систем развиен од страна на Проектот. Системот вклучува опции за симулирање на различни сценарија кои можат да имаат влијание врз буџетот.

***Софтверот за електронски распределби*** постојано се користи за распределба на легла во студентските домови и за ученички и студентски стипендии и заеми. Преку него беа распределени и дел од социјалните станови. Се очекува во иднина апликацијата да се користи за распределби од другите државни институции.

Надлежните органи во здравството го користат ***електронскиот систем за регистрирање на лекови*** за подобра контрола врз нивното издавање.

Апликацијата за ***Одговорност преку транспарентност*** им нуди на граѓаните да се информираат за активностите во нивната општина и електронски да ги изразат нивните мислења и сугестии. Таа исто така овозможува поефикасно управување со општинската администрација.

***Едношалтерскиот систем за увозни/извозни дозволи и квоти (EXIM)*** им овозможува на фирмите да се информираат, да аплицираат и да добијат дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки од 15 државни институции. Преку системот може електронски да се аплицира и да се распределуваат тарифните квоти според принципот „прв дојден, прв услужен“.

Системот за ***пријава/одјава на работен однос*** овозможува спроведување на овие процеси преку електронско поднесување на обрасци кои содржат многу помал број на податоци од порано. Преку системот, фирмите и вработените имаат постојан пристап кон историските податоци во врска со индивидуалните вработувања.

**Проектот е-Влада се фокусира на интересите на крајните корисници**

Фирмите и граѓаните се информираат за новите апликации и како да ги користат преку брошури и медиумски кампањи.

Изработени се прирачници за примена и познавање на основни ИТ вештини, за ИТ приватност и за ИТ безбедност.

На општата јавност и е достапен бесплатниот курс за е-Учење за ИКТ www.ucenje.org.mk.

Караванот Македонија сурфа ги претстави можностите кои ги нуди информациската технологија во 10 града низ земјата и ги информира и охрабри граѓаните да ги користат електронските услуги за е-Влада, како и другите online услуги.

Со поддршка на Проектот за е-Влада, дигиталните сертификати се сега достапни преку комерцијални издавачи.

Се организираа работилници за ИТ приватност и безбедност.

**Сите апликации се развиени и имплементирани во тесна соработка со соодветните државни институции.**

**За повеќе информации за сите апликации одете на: www.eGov.org.mk**

Проект за е-Влада • Дане Крапчев 18 • 1000 Скопје • Република Македонија • тел: +389 2 3231 104 • факс: 389 2 3220 636 • info@eGov.org.mk •
Имплементиран од Internews : П.Ф. 4448 • Арката , КА 95518 САД • тел: +1 707 826-2030 • факс: +1 707 826-2136 • Info@internews.org

# www.eGov.org.mk

| G2B Влада кон Бизнис | G2C Влада кон Граѓани | G2G Влада кон Влада |
|---|---|---|
| е-Јавни набавки (ЕСЈН) https://www.e-nabavki.gov.mk | Пријава online http://prijava.ads.gov.mk/ | е-Буџетирање |
| е-Даночни пријави http://etax.ujp.gov.mk/ | Одговорност преку транспарентност www.skopje.gov.mk; www.resen.gov.mk; www.strumica.gov.mk; www.opt.kavadarci.gov.mk; www.gazibaba.gov.mk; www.veles.gov.mk; www.bitola.gov.mk; www.kocani.gov.mk; www.opt.stip.gov.mk; www.gostivari.gov.mk; www.e-struga.gov.mk | е-Здравствени регистри |
| е-Транспортни дозволи http://dozvoli-mtc.gov.mk | Електронски распределби http://raspredelba.gov.mk | |
| ЕХИМ www.EXIM.gov.mk | е-Учење на ИКТ www.ucenje.org.mk | |
| Online пријава/одјава на вработени https://www.avrm.gov.mk/PrijavaOdjava | | |